Пензионерско КУД "Ѓоко Симоновски" од Куманово на Меѓународен фестивал во Варна

# Успешен репрезент на македонскиот фолклор

*- Високи оцени за квалитетот на презентираната програма*
*- Упатени покани за гостување во повеќе градови*
*- Бурни аплаузи за изведба на сплетот "Билјана платно белеше"*


Премиерна изведба на „Билјана платно белеше" во Варна

КУД "Ѓоко Симоновски" на Здружението на пензионерите од Куманово, како на филмска лента реди успеси на домашната и на меѓународната сцена. Во своето четиригодишно постоење одржа над 40-тина концерти, од кои две гостувања се остварени во Софија и едно во Албанија.

Во аналите на Друштвото со златни букви ќе биде запишано учеството на Меѓународниот фестивал на песни, игри и музика "Листопад на спомените" во Варна, Република Бугарија. Друштвото беше дел од овој гламурен фестивал во вториот ден со 44-минутна програма.

На ова премиерно претставување на еден фестивал, ансамблот на Друштвото се претстави со сплетот "Билјана платно белеше" со кореографска и музичка придружба. Соло пејачката Тана Иванова ја исполни песната "Останала жена удовица", а Симеон Бојаџиевски ја интерпретираше песната "Стара виолина". Свој удел во презентацијата на Друштвото имаше и мешовитиот хор со песните "Додолска" и "Марика мома убава". Популарното трио во состав Рада Марковиќ, Тана Иванова и Мирјана Илиевска се претстави со сплет од изворни песни од Кумановско. Посебна солистичка изведба имаше и Божана Трајковска со италијанска канцона "Катерин". Крајот на ова претставување го имаше и мешовитата фолклорна група со изведба на сплетот "Свадба" со обичајни игри и песни од Кумановско.

Четиридневниот фестивал во Варна, на кој учествуваа ансамбли од Русија, Украина, Романија, Србија, Македонија и Бугарија, со близу 2.500 учесници, го следеше жири од 10 члена. Според пропозициите тоа врши избор на најуспешни остварувања за настап на гала вечер. Нашето Друштво имаше задоволство по втор пат да настапи со сплетот "Билјана платно белеше" и мешовитиот хор со песната "Додолска". Публиката без здив остана посебно при изведбата на "Билјана платно белеше", која личеше на бајка.

Настапот на Друштвото беше поздравено со симпатии од публиката во Културниот центар. Аплаузите беа најдобрата потврда за успешното претставување на овој мега фестивал, а на нашите песнопојци, играорци и музичари им аплаудираа и членовите на жирито.

По завршување на гала вечерата, во разговорите на другарската средба во хотел "Еделвајс" на Златни песоци, не стивнуваа честитките за беспрекорно прикажаните игри, песни и музика од Македонија. Менаџерот на фестивалот Стојанка Николова накусо изјави: "Вие бевте вистинска светла точка на фестивалот. Ви упатувам покана и во 2008 година да бидете дел од нашиот фестивал".

Слични беа коментарите и на други. Жирито оцени дека настапот е изведен на високо професионално ниво. Надежда Касабова, нашиот водич во Бугарија, оцени дека овој ансамбл е достоен репрезент на македонскиот фолклор. Повеќегодишниот соработник на Друштвото и промотор на гостувањето во Албанија во 2006 година. Пјетар Таражи, го рече и ова: "Македонија е мала земја ама вие ја направивте голема, голема. Од мене имате депонирана покана за повторно гостување во Албанија".

Слични беа импресиите и на други учесници на фестивалот. Уследија покани за учество на фестивали во Пловдив, Велинград, Софија, Пожаревац, Албанија, Оџаци и повторно во Варна.

По враќањето од ова гостување, беше поднесена опширна информација до Извршниот одбор на Здружението на пензионерите, што беше целосно прифатена, со искрено задоволство од успешното презентирање на културно-уметничката програма и афирмацијата на Здружението и нашата држава.

**Спирко Николовски**


Мешовитиот хор со богат репертоар

## Целовечерен концерт и во Куманово

По враќањето од Бугарија, КУД "Ѓоко Симоновски", приреди целовечерен концерт "Пензионерите за својот град", посветен на празникот 11 Ноември-Денот на ослободувањето на Куманово.

Во преполната сала на Националната установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев", ансамблот се претстави со дел од остварувањата на сите постојни секции и групи на Друштвото.

Во два и пол часовната програма се редеа настапите на солисти, групи на изворни народни песни, рецитатори и хумористи, потоа мешовитиот хор и фолклорната група со сплетовите "Билјана платно белеше" и "Свадба" со обичајни песни и игри од Кумановско.

На овој традиционален концерт на КУД како гости со дел од својата програма се претстави и градската музика "Илинден", кое годинава прославува 100 години од своето постоење.

**ФОТО ВЕСТ**

Кочани

# Од посетата на Албанија


Пензионерки и пензионери од Кочани и Виница во Албанија

Здружението на пензионерите од Кочани деновиве организираше посета на Република Албанија, на која се приклучија и пензионери од Виница. Се патуваше во пријатна пензионерска атмосфера од Кафасан до Елбасан, Корча, Тирана и Драч, а враќањето беше преку Свети Наум. Од запознавањето на природните убавини на овој регион нашите пензионерки и пензионери беа мошне задоволни, како и од посетите на неколку музеи и стари историски ископини и други значајни објекти од блиското и подалечното минато на Албанија.

Се забележува дека оваа соседна земја е големо градилиште и дека се обезбедуваат нови услови за развој на туризам.

**М.П.**


Посета на Римскиот амфитеатар во Тирана

Во Скопје традиционален турнир во шах

# Победник екипата на МВР-Скопје

Во чест на Денот на ослободувањето на Скопје во организација на Градскиот сојуз на здруженијата на пензионерите се одржа традиционалниот шаховски турнир "13 ноември".

Во име на домаќинот на турнирот учесниците ги поздрави Перо Тагасоски, претседател на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите на Чаир, а за значењето на ова спортско дружење на пензионерите зборуваше Крсто Ангеловски, претседател на Сојузот на пензионерите на Скопје.

На турнирот учествуваа шест екипи од Здруженијата на пензионерите: Гази Баба, Ѓорче Петров, Кисела Вода, МВР, Центар и Чаир. По двечасовна борба, екипите на МВР и на Центар освоија по 10 и пол поени, а за победник на турнирот беше прогласена екипата на МВР-Скопје, бидејќи во директниот дуел имаа победа. Третото место со 9 и пол поени го освои екипата на Гази Баба, пред Чаир, Ѓорче Петров и Кисела Вода која во последното коло приреди изненадување победувајќи ја екипата на МВР со 2 : 1.




Фото: Томе Манов

Претседателот на Комисијата за спорт и рекреација на СЗП Скопје Цветко Мерџановски на капитенот на победничката екипа на МВР Димитар Илиевски му го предаде пехарот. Во оваа екипа настапија и пензионерите Китан Митровски, Борче Стојановски и резерва Милан Пецов.



Турнирот со голем успех и авторитет го судеше пензионерот Слободан Михајловски, меѓународен шаховски судија.

**Д. Арг.**